**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на КЈК III Холдинг 1 С.а.р.л., Луксембург над КОЛПА Производство и преработка на пластични материјали, д.о.о. Метлика, Словенија**

**(предмет бр. 08-78 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое КЈК III Холдинг 1 С.а.р.л. со регистрирана адреса на 94, руе ду Груневалд, Л-1912, Луксембург има намера да стекне директна единствена контрола врз КОЛПА Производство и преработка на пластични материјали, д.о.о. Метлика со регистрирано седиште на Росалнице 5, 8330 Метлика и индиректно над зависните друштва на КОЛПА („Групација КОЛПА") по пат на купопродажба на удели.

- **КЈК III Холдинг 1 С.а.р.л**. е друштво за специјална намена основано во декември 2024 година како зависно друштво во целосна сопственост на КЈК III Партиципатионс С.а.р.л., друштво со ограничена одговорност кое е 100 % сопственост и контролирано од страна на луксембуршкиот инвестициски фонд КЈК Фонд III СЦА, СИЦАВ-РАИФ, алтернативен инвестициски фонд формиран како инвестициско друштво со варијабилен капитал („КЈК Фонд III"). Инвестициската цел на КЈК III Холдинг 1 С.а.р.л е да изгради разновидно портфолио преку директно инвестирање во основниот капитал на јавни и приватни мали и средни претпријатија.

Подносителот на Известувањето смета дека КЈК Фондот III е независен фонд кој врши сопствена контрола. Одлуките во врска со инвестициската политика и другите аспекти од работењето на Подносителот на Известувањето подлежат на контрола на Генералното собрание на инвеститори на КЈК Фонд III. Групата на компании кои припаѓаат на истата група како КЈК Фонд III треба да се разберат во контекст на претходното, и како компаниите над кои КЈК Фонд III врши контрола.

КЈК Фонд III нема корпоративно присуство во Северна Македонија.

КЈК Фонд III има остварено многу ограничен приход на македонскиот пазар преку две негови портфолио компании, но не и на предложениот релевантен пазар.

**-КОЛПА Производство и преработка на пластични материјали, д.о.о. Метлика** е еден од водечките производители на опрема за бањи во Централна и Југоисточна Европа. Групацијата КОЛПА е присутна во повеќе од 45 земји во светот, со своите деловни активности поделени во следните четири програми:

- Колпасан (*Kolpasan*) програма, во рамки на која КОЛПА произведува опрема за бањи, имено бањи, тушеви, џакузи со топла вода, кади со џакузи со топла вода, кади со масажери, кабини со масажери, туш кабини, мебел за бања и додатоци за бањи.
- Керок (*Kerrock*) програмата, во рамки на која КОЛПА произведува композитни панели, композитни производи и обработува композитни материјали.
- Колпа Солушнс (*Kolpa Solutions*), програма која нуди решенија од концепти, до имплементација на проектот.

- Јуник (*Unique*) програма, во рамки на која КОЛПА продава приспособен мебел по мерка за бањи. Програмата беше лансирана во септември 2024 година.

Групацијата КОЛПА нема корпоративно присуство во Северна Македонија.

Групацијата КОЛПА има остварено многу ограничен приход на македонскиот пазар.

Предложената Трансакција претставува имплементација на инвестициската политика на КЈК Фонд III за создавање на разновидно портфолио преку директни инвестиции во сопственичкиот капитал на јавни и приватни компании кои се извозно ориентирани производители во Источна и Централна Европа.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

23.04.2025 година

Скопје